Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/21), а согласно член 25 став 1 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр. 02/13 и 20/18) и член 52 од Статутот на општина Велес (‘Службен гласник на општина Велес” бр.01/26)

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден __10.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отстапување на управување на водоснабдителен систем на населени места Раштани и Бузалково од водоводниот систем на град Велес на ЈКП „Дервен“ Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука се отстапува на управување на водоснабдителниот систем на населени места Раштани и Бузалково од водоводниот систем на град Велес на ЈКП „Дервен“ Велес.

**Член 2**

Водоснабдителниот систем (водоводните објекти и инсталации) од член 1 на оваа Одлука и неговата техничка исправност е утврдена од страна на Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Велес.

Од страна на Комисијата е составен записник за техничката исправност на водоснабдителниот систем, со исполнети услови за преотстапување на системот на ЈКП „Дервен“ Велес на управување .

Записникот е составен дел на оваа Одлука, во кој е наведено дека дека новоизградениот систем за довод на вода до населените места Раштани и Бузалково е технички исправен, но може да се стави во функција до населено место Раштани, додека до населеното место Бузалково ќе се стави во функција по изградбата на разводната мрежа.

**Член 3**

Вредноста на водоснабдителниот систем на населени места Раштани и Бузалково од водоводниот систем на град Велес е утврдена во завршна ситуација на извршени работи од ноември 2025 година во износ од 39.671.279,00 денари.

**Член 4**

Градоначалникот ќе склучи Договор со ЈКП „Дервен“ Велес во кој ќе бидат регулирани меѓусебните права и обврски за понатамошно управување на системот согласно закон.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Системот за водоснабдување е започнат со изградба во 2020 година, а завршен во 2025 година. При извршување на увидот во систем за водоснабдување во населени места Раштани и Бузалково од страна на Комисијата за утврдување на техничка исправност се констатираше дека е потребно да се постапи по одредени забелешки и тоа, да се проектира и изведе селска разводна мрежа во населеното место Бузалково, да се донесе електрично напојување на резервоарскиот простор во село Бузалково, да се огради пумната станица 1 населено место Раштани, да се впишат новоизградените објекти од водоснабдителниот систем во Агенцијата за катастар на недвижности, а за тоа Општина Велес потребно е да постапи и да ги реализира во наредниот период.

По извршениот увид на објектите се констатира дека новоизградениот систем за довод на вода до населените места Раштани и Бузалково е технички исправен , но може да се стави во функција до населено место Раштани, додека до населеното место Бузалково ќе се стави во функција по изградбата на разводната мрежа.

Согласно член 25, став 1 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 02/13 и 20/18), одржувањето на изградените водоводни објекти и инсталации кои не се дел од јавниот водоснабдителен систем се преотстапува на давателот на услугата со Одлука на Советот на Општината.